# Газии Баба Општина

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

МАЈ 2012 - БРОЈ 20


## МАНИФЕСТАЦИЈА

# *Големаша мајка*



**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**
**0800-42222**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА**
**070/254-772**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

www.gazibaba.gov.mk




# Зимско одржување




Иако оваа зима имавме ниските температури и голем интензитет на снежни врнежи, со навремена интервенција на фирмите, ангажирани од општина Гази Баба за зимско расчистување, главните улици низ општината постојано беа проодни.

По споредните улици во населените места општината заедно со граѓаните работеа на расчистување на истите, користејќи своја механизација, за кои општината обезбеди нафта.

Кон заедничкото расчистување се приклучија и фирмите "Вардарградба", "ЕХИ" и "Телефонмонтажа" со ангажирање на своја механизација.

## *Нова автобуска линија број 42 од с. Драчево до н. Железара*

Јавото сообраќајно претпријатие - Скопје од 22.02.2012 год. пушти во сообраќај нова автобуска линија број 42 од с. Драчево до н. Железара.

Трасата на движење е следна: од с. Драчево, ул. "Китка", ул. "Ратко Митровиќ", ул. "С. Динков", ул. "Првомајска", бул. "Србија", бул. ""Војводина, бул. "Александар Македонски", ул. "16 - та македонска бригада", ул. "Коце Металец" нас. Железара и обратно.

Возниот ред може да се види на веб страната на ЈСП Скопје http://www.jsp.com.mk/

## *Минибус за гробишта Камник*

Општина Гази Баба во соработка со ЈСП Скопје, за време на викендите и празничните денови организираат превоз до гробишта Камник.

Превозот ќе се врши со минибус од нас. Ченто (месарница Римес, на улица Јужноморавски бригади) до гробишта Камник.

Во саботите и неделите минибусот ќе сообраќа од 7,00 ч. до 10,00 ч. со поаѓање на половина час, а за време на верски празници од 7,00 ч. до 12,00 ч. исто така со поаѓање на половина час.

*Почитувани сограѓани,*

*Деновиве се навршија три години од моето стапување на функција Градоначалник на Општина Гази Баба.*

*Правејќи анализа на она што беше ветено на локалните избори 2009 год и беше запишано во изборната програма и она што успеавме да го реализираме, можам да констатирам дека најголем дел (над 90%) од истата е реализирана, но исто така има и голем број на проекти кои се реализирани а не беа дел од изборната програма.*



**Градоначалник на Општина Гази Баба Тони Трајковски**

*Овој резултат пред се се должи на посветеноста и одговорниот начин на раководење, чесноста и постојаната комуникација со граѓаните, и конструктивноста и одговорноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба.*

*Нашето мото на изборите беше „Заедно можеме повеќе“ што и на дело го покажавме, реализирајќи голем број на проекти заедно со градот Скопје и Владата на РМ, како и заедничкиот ангажман со жителите на општината.*

*Но тука не застануваме, продолжуваме и во оваа година да го реализираме планираното, согласно програмите и Буџетот на Општината за оваа година. Можам само да најавам неколку капитални проекти кои планираме да ги реализираме како што се: изградба на нови училишта во н.Железара и н. Хиподром, изградба на нова градинка во н.м. Јурумлери, изградба на примарна и секундарната фекална мрежа во н.м. Стајковци и н.м. Економија и отпочнување на примарниот фекален колектор од н.м. Дрма до н.м. Трубарево, отпочнување со изградба на атмосферска канализација во н. Триангла, изградба на плоштад во н. Хиподром, изградба на улици и тротоари низ населените места, подобрување на водоснабдувањето, изградба на спортски објекти, започнување на проектот на јавно приватно партнерство за санација на културните домови и изградба на нова општинска зграда, зголемување на хигиената и заштита на животната средина, подобрување на условите за учење во училиштата и условите во градинките, поддршка на спортски и културни манифестации.*

*За побрза и поуспешна реализација на планираните проекти, потребно е и во иднина заедно да работиме.*

*Ве поканувам, секој од Вас активно да даде свој придонес во градењето на иднината на нашата Општина.*

# Општина Гази Баба го одбележа 9 -ти мај



Општина Гази Баба во паркот Ченто пред споменикот на Методија Андонов Ченто, со полагање на цвеќе, ги одбележи Денот на победата и Денот на Европа.

Пред споменикот на првиот претседател на президиумот на АСНОМ свежо цвеќе положија: делегација на општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Тони Трајковски, делегација од Советот на општина Гази Баба, делегации на урбаните и месните заедници, Здруженијата на пензионери и на трудови инвалиди од Гази Баба, делегација на ОК на ВМРО ДПМНЕ Гази Баба и на Унија на жени на ВМРО ДПМНЕ Гази Баба и жители на општината.



# Работни средби со граѓани

Градоначалникот Тони Трајковски во соработка со претставници од неколку институции, пратеници од Собрание на РМ, директорот на Републички Инспекторат за замјоделие, директорката на Геронтолошки Завод "13 Ноември" Скопје и раководители на подрачните единици на Министерствата од општина Гази Баба во месец март и април ги посетија месните заедници Булачани, Раштак, Колонија, Идризово, Јурумлери, Стајковци, Смилковци, Црешево, Трубарево, Виниче и Брњарци. Во почетокот на месец мај со директорите на јавните претпријатија, директорот на катастар, раководителот на одделението за имотно правни работи од Гази Баба и општинската администрација



градоначалникот ги посети урбаните заедници Автокоманда, Железара, Керамидница, Хиподром, Маџари 1 и Триангла.

Целта на посетите е да се слушнат проблемите и предлозите на граѓаните, а самото присуство на претставници од повеќе институции дава можност да им се одговорат прашања на граѓаните од повеќе области.











# Пуштен реконструираниот пат Раштак - Црешево

Во н.м. Раштак беше пуштена реконструираната делница Раштак - Црешево, дел од патниот правец Раштак - Сингелиќ.

Овој патен правец е предвиден и реконструиран по Проектот на Владата на Република Македонија и Агенцијата за државни патишта, за рехабилитација на локалните патишта, финансиран со заем од Европската банка за обнова и развој.

Реконструираната делница ја пуштија во употреба претседателот на Владата на РМ, Никола Груевски, директорката на Агенцијата за државни патишта, Наташа Валкановска, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.

Договорна вредност на работите изнесува 14.225.000,00 денари.





# Работна средба со Јавните претпријатија и градот Скопје

Градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, администрацијата од градот Скопје, директорите на Јавните претпријатија и раководителите на пунктовите надлежни за општината, имаа работна средба со градоначалникот Тони Трајковски, општинската администрација и претставници од урбаните и месните заедници од територијата на општина Гази Баба.

На средбата се прецизираа активностите за пролетна акција за расчистување на урбаниот дел на општината, во која ќе учествуваат Јвните претпријатија: Комунална хигиена, Водовод и канализација, Паркови и зеленило и Улици и патишта, заедно со Јавното претпријатие од Гази Баба и се разговараше за проблемите кои ги имаат месните и урбаните заедници во своите населени места, со предлози како заеднички да се решат истите.



Работните средби од ваков тип ја подобруваат комуникацијата помеѓу градот Скопје, Јавните претпријатија, општинската администрација и граѓаните и ја подобруваат работата на Јавните претпријатија на терен.

# Пролетно расчиствување



Општина Гази Баба заедно со градот Скопје и Јавните претпријатија Паркови и зеленило, Комунална хигиена, Водовод и канализација и Улици и патишта и Јавното комунално претпријатие Гази Баба, во заедничка пролетна акција го расчистуваа урбаниот дел на општината.

ЈП Комунална хигиена ги чистеше мини депониите, ги метеа и миеја улиците и тротоарите, рачно и машински и ги подигаа кабастите и неупотребливи предмети од домаќинствата.

ЈП Паркови и зеленило ги кастреа гранките од дрвата, сечеа стари исушени дрвја и го средуваа парковското зеленило, со косење и садење на цвекиња.

ЈП Водовод и канализација ги чистеа шахтите и сливниците од талог и ги чистеа со вода од цистерна под притисок.

ЈП Улици и патишта ги крпеа ударните дупки по улиците низ општината.

ЈП "Гази Баба 2007" активно беше вклучено во акцијата помагајќи на Јавните претпријатија при извршување на работите.






# *Иницијатива за формирање работно тело за следење на состојбите со загадувањето*

Како резултат на големиот интерес на граѓаните за загадувањето на воздухот во општина Гази Баба од комплексот на правни субјекти, лоцирани на територијата на поранешна Железарница, на седница на Совет на општина Гази Баба, по обемна дискусија, донесен е Заклучок за формирање Работно тело кое ќе ги следи состојбите со загадувањето на животната средина.

Првиот неформален состанок на работното тело се одржа во месец февруари каде беа предложени членовите и дефинирани задачите и активностите на Работното тело кое ќе ги следи состојбите со загадувањето.



За да се опфатат што повеќе чинители во самиот процес, поканети беа претставници од правните лица лоцирани на територија на поранешна Железарница, претставници од стручните служби од општина Гази Баба, членови на Советот во оштина Гази Баба, претставници од Министерство за животна средина и Градот Скопје и претставници на граѓаните.

Работното тело ќе се составува еднаш месечно, по потреба и почесто и ќе има обврска редовно да ги следи состојбите со загадувањето на животната средина и да дава информации до граѓаните. Исто така, ќе бидат организирани и заеднички активности во насока на подобрување на квалитетот на животната средина и здравјето на населението.



# Работна средба со Американскиот амбасадор



Градоначалникот Тони Трајковски имаше работна средба со американскиот амбасадор Пол Волерс. На средбата градоначалникот ја истакна досегашната успешна соработка со САД, го запозна амбасадорот со профилот на општината, реализираните проекти во изминатиот период, развојот на општината, потенцијалите и со проектите кои ќе се реализираат во наредниот период.

Амбасадорот Пол Волерс беше задоволен од средбата, покажа голема заинтересираност за проектите на општината и најави продолжување на успешната соработка и можности за реализирање на нови заеднички проекти.





# *Делегација на конгресмени од САД во посета на Гази Баба*





Во посета на општина Гази Баба на работна средба престојуваше делегација, составена од конгресмени, нивните соработници и амбасадорот на САД во Република Македонија, Пол Волерс.

Делегацијата ја примија градоначалникот Тони Трајковски и пратениците, Благородна Дулиќ, Соња Мираковска и Александар Спасеновски, чии канцеларии за комуникација со граѓаните се наоѓаат во општината.



# *Отворени канцеларии на пратеници во општина Гази Баба*

По заеднички проект на Институтот за парламентарна демократија, ЗЕЛС и Собранието на Република Македонија, со подршка на општина Гази Баба и градоначалникот Тони Трајковски, во просториите на општината се отворија две канцеларии на пратениците за комуникација со граѓаните.

Едната канцеларија продолжува успешно да работи со пратениците на ВМРО ДПМНЕ, Благородна Дулиќ и Александар Спасеновски, а другата канцеларија е за НСДП и пратеничката Соња Мираковска.

Инаку овој проект стартуваше од 2008 година и се покажа како доста успешен, како за граѓаните така и за пратениците од Собранието на Република Македонија бидејќи се воспоставува непосредна комуникација помеѓу пратениците и граѓаните, се разменуваат информации, предлози и сугестии, се ослушуваат барања со што поуспешно се разрешуваат истите.




Канцелариите се отворени секој работен ден од 9,00 - 14,00 ч. каде ќе бидат присутни асистентите на пратениците, а секој петок од 9,00 - 14,00ч. граѓаните ќе можат да имаат средба со пратениците.





# Прием на крводарителите од Гази Баба

Општина Гази Баба со Општинската организација на Црвен крст Гази Баба организираа свечен прием за крводарителите од општина Гази Баба по повод 17 Март, Денот на крводарителите и Ден на Црвениот крст на Република Македонија.

На приемот беа поделени благодарници на крводарителите кои дарувале 25, 50, 75 и повеќе пати крв.

Благодарница за најдобра работна организација во организирање на крводарителски акции е ЈСП Скопје, за најдобра Високо образовна институција на територијата на општина Гази Баба е Факултетот за земјоделски науки и храна, за најдобро Средно училиште на територијата на општина Гази Баба е СЕТУ Михајло Пупин а за најдобар организатор (мотиватор) за 2011 година е Емилија Гурчиновска.

Свеченоста се одржа во општина Гази Баба каде поздравни говори имаа заменик градоначалник Ацо Петрушев, од името на општина Гази Баба и Проф.д-р Ромел Велев, од името на општинската организација на Црвен Крст Гази Баба Скопје.





# *Завршна презентација на проектот „Древни куќарки за птици, креативно“*







Во амфитеатарот на Шумарски факултет, се одржа завршна презентација на проектот "Древни куќарки, креативно".

Проектот го реализираше Здружението на студенти на Шумарски факултет - Дрен, во соработка и финансиран од општина Гази Баба и поддржан од УКиМ Шумарски факултет.

Свои обраќања имаа Проф. Д-р Александар Трендафилов, декан на Шумарскиот факултет и учесниците во проектот, по што следеше прошетка и разгледување на поставените куќарки во Дендропаркот на факултетот.



# Донација во КПД Идризово




Општина Гази Баба ја продолжува успешната соработка со КП Дом Идризово.

На Денот на жената , градоначалникот Тони Трајковски на женското одделение во Домот, донираше машина за перење на алишта, а директорот на КП Дом им подари рози и подароци.



За својот празник, жените од Домот подготвија солени и слатки готвени работи, преку кои ги искажаа своите кулинарски способности.

Исто така, за Денот на жената подготвија лични литературни творби, кои ги прочитаа пред присутните.

# Продолжување на заедничкиот проект на Гази Баба и Црвениот крст



Соработката на Општина Гази Баба и ОО Црвен крст на Гази Баба продолжува и оваа година, како и претходната, со реализација на проектот "Младоста и искуството моќта на хуманоста".

Целта на проектот е да се посетуваат старите и изнемоштените лица кои не се во можност да се грижат самите за себе во задоволување на секојдневните потреби.

Услугите се состојат од: психо-социјална помош, набавка на потребни прехрамбени продукти од волонтерите на ОО Црвен Крст Гази Баба, општи здравствени прегледи (мерење на крвен притисок, шеќер во крвта), поправка на апарати во домаќинството, разговори со семејствата и слично.

Активностите за реализацијата на проектот ќе се одвиваат во текот на целата 2012 година, со цел зголемување на довербата помеѓу старите и младите лица, а воедно и подобра интеграција на старите лица во општеството.

Во Националната Стратегија за стари лица 2010 - 2020 година на Министерството за труд и социјална политика идентификувани се предвидените задачи и области на делување за живеење на старите лица, а воедно подобрување на квантитетот и квалитетот во секојдневниот живот.

## Помош на социјално загрозени лица

Општина Гази Баба во соработка со месните и урбаните заедници и Црвениот крст на Гази Баба спроведуваа заедничка акција за помош на најзагрозени социјално ранливи категории (стари и изнемоштени лица, болни, лица со хендикеп и социјални случаи).

Секретарите на месните и урбаните заедници имаа задача да ги посетат овие семејства и да соберат податоци за нивните потреби, според кои општина Гази Баба обезбеди 50 пакети со прехрамбени и хигиенски артикли и 50 м² дрва кои се поделени на 50 семјства.

Патролни социјални екипи, претставници од општина Гази Баба и екипи од Црвениот крст Гази Баба, вклучени во проектот за помош на стари и изнемоштени лица континуирано ги посетуваат социјално загрозените семејства од подрачјето на општина Гази Баба.

Екипите од Црвениот крст, исто така на оние кои им е потребно ќе им помогнат со облека и обувки.

## Бесплатни прегледи за земјоделците во Гази Баба



По повод 7-ми април Светскиот Ден на здравјето, Министерството за здравство во соработка со Општина Гази Баба, Институтот за медицина на трудот по Проект на Владата на Република Македонија, спроведуваа превентивни прегледи на земјоделците од подрачјето на Општина Гази Баба.

Превентивните прегледи се спроведуваа во склоп на Проектот "Оценка на здравствената состојба и работната состојба кај земјоделците во Република Македонија", со кој во н.м. Стајковци беа опфатени околу 50 земјоделци, на кои им се извршија комплетни систематски прегледи.



# Бесплатна обука за невработени лица

"Самостоен маркетинг за вработување и генерирање на идеи за започнување на сопствен бизнис" и бесплатна обука реализирана од страна на општина Гази Баба.

На обуката присуствуваа околу 100 студенти, млади невработени лица, лица кои претходно работеле, но сега се без работа и лица кои сакаат да се унапредат во кариерата. Обуката се состоеше од интерактивни предавања на тема за унапредување на вештините на комуницирање, изработка на личен акционен план за развој, како да се подготвите за интервју за работа, најчести грешки при интервјуата за работа, изработка на професионално CV и мотивационо писмо, вежби, симулации за започнување на сопствен бизнис и друго.

Предавањето имаше за цел на посетителите на обуката да им помогне како полесно да најдат работа преку подобрување на вештините за поуспешен настап на интервју за работа и како да ги развијат идеите за започнување на сопствен бизнис. Секој учесник доби сертификат од обуката кој може да го приложи во своето CV.












## Форуми во заедницата

Општина Гази Баба се вклучи во програмата Форуми во заедницата, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, со што зема активно учество во Проектниот форум. За реализирање на оваа



програма предвидени се 4.8 милиони денари, од кои 2.4 милиони се донација од Швајцарската агенција за развој и соработка и 2.4 милиони ќе ги кофинансира општина Гази Баба.

Овие средства се предвидени за реализирање на проект за кој ќе одлучат граѓаните на нашата општина, преку форумските сесии.

Првата форумска средба се одржа во општина Гази Баба, на која присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, претставници од Швајцарската агенција за развој и соработка, Министерството за локална самоуправа, невладин сектор, бизнис заедницата, урбани и месни заедници и од општинската администрација. Средбата имаше информативен карактер, на која се разговараше за организацијата и понатамошниот тек на форумските сесии.

## Приемен ден на Градоначалникот

Секој прв вторник во месецот Градоначалникот во својот кабинет прими околу триесетина граѓани од општината.

Граѓаните најповеќе бараат вработувања за себе или за своите најблиски, бараат разрешување на проблеми произлезени во процесот на легализацијата на нивните објекти и поставуваат прашања околу имотноправните проблеми.

# Гази Баба домаќин на радио емисијата "Чекориме заедно"





Општина Гази Баба беше домаќин на Македонското радио, од каде се емитуваше радио емисијата "Чекориме заедно". Градоначалникот Тони Трајковски говореше за реализираните проекти во изминатиот период, за тековните активности и за проектите планирани оваа година.

Гости во емисијата беа и Директорот на основното училиште "Наум Охридски", Елизабета Андова, претставникот од невладиниот сектор Здравко Ѓорѓиевски, претседател на Црвениот крст Гази Баба, претставникот од стопанскиот сектор Никола Ветаџокоски, генерален директор на фирмата "Виталија" кои говореа за соработката со општината и директорот на ЈКП "Гази Баба 2007", Ицко Стојановски кој говореше за ингеренциите кои ги има на подрачјето на општината и заедничката соработка Гази Баба.

Во текот на емисијата се емитуваше и анкета направена со граѓаните од повеќе населени места од општината, кои ги изнесоа своите потреби, барања и предлози за подобрување на условите за живеење во нивните места.

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија

ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ!

АД ЕЛЕМ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА СО ПОСЕБНА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО, ВЕ ПОКАНУВА НА "ОТВОРЕН ДЕН НА ЕНЕРГЕТИКА" КОЈ ГО ОРГАНИЗИРАМЕ ЗА ВАС, СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАПОЗНАЕТЕ СО РАБОТАТА НА "ЕНЕРГЕТИКА" - ВАШИОТ ПРИЈАТЕЛ ВО СТУДЕНИТЕ ДЕНОВИ. ЌЕ ИМАТЕ МОЖНОСТ ДА ГИ ИЗЛОЖИТЕ ВАШИТЕ СТАВОВИ, ИДЕИ, СУГЕСТИИ И ЖАЛБИ, НО И ДА ПОСТАВИТЕ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО НАШАТА РАБОТА.

ЗАТОА, НА ДЕН 26.05.2012 ГОДИНА, ПОВЕЛЕТЕ!

СО ПОЧИТ!
"ЕНЕРГЕТИКА", ул. 16та Македонска бригада бр.18

тел.: +389 (0)2 31 04 800, +389 (0)2 31 04 874; факс: +389 (0)2 31 04 876; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk

# Се одржа манифестацијата "Големата Мајка"



Втора година по ред, првата недела од месец мај, на меѓународниот ден на мајката, во заедничка организација на општина Гази Баба и градот Скопје, се одржа културната манифестација "Големата Мајка". Во присуство на Министерката за култура, Г-ѓа Елизабета Канческа Милевска и голем број на граѓани, манифестацијата ја отворија градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски











Во реконструираното неолитско село, на археолошкиот локалитет Тумба Маџари, кој претставува дел од историјата на Македонија, каде што секој камен, секоја тревка изникната од длабочината на македонската родна земја има своја приказна, своја песна, свој прапочеток, за прапочетоците на писменоста, јазичната и културната традиција, преку долгогодишното истражување и со факти докажано, за времето на МА - Големата Мајка Божица на Македонија, зборуваше Г-динот Васил Иљов.

За животот на древните македонци, за нивната исхрана, медицината, театрите, празнувањата, за своите размислувања и напишаните книги за древните македонци, зборуваше Г-ѓа Ангелина Маркус.

Во музичкиот дел настапуваа групата Синтезис, Сашо Митев, Оливер Настовски и Раде Стефановски.

Ученици од основните училишта: Н.Н. Борче, Дане Крапчев, Крсте Мисирков и 25 Мај имаа изложба на цртежи, а исто така учениците на локалитетот за време на одржувањето на манифестацијата цртаа на големи лесонитни плочи мотиви од неолитското село, кои ќе бидат постојано изложени на локалитетот.









## Со донација уреден дел од дворот во ОУ "Стив Наумов"

Во ОУ "Стив Наумов" во н. Автокоманда фирмите "Вардарградба", "Македон Бетон" и "МЦ Бренд" уредија дел од дворот. Тие бетонираа дворна површина од 1000 m², а вредноста на материјалот и градежните работи



изнесува 780.000,00 денари, од кои 600.000,00 денари ги финансираа фирмите, а 180.000,00 денари училиштето.

Во знак на благодарност, учениците и наставниците подготвија кратка приредба.

## Наум Наумовски Борче го прослави својот 51 роденден

Основното училиште Н.Н. Борче го прослави својот 51 роденден.

Присутните ученици и гости ги поздравија градоначалнокот Тони Трајковски и директорот на училиштето, Иван Димоски.



Учениците со наставниците за присутните подготвија и изведоа културно забавна програма.



# Нови клупи и столчиња во основните училишта






Градоначалникот Тони Трајковски го посети Основното училиште "Крсте Мисирков" во н. Чento, кое е едно од училиштата кои добија донација на клупи, столчиња, катедри и табли.

Донацијата е од Швајцарската Агенција за развој и соработка по Проектот на Министерството за образование и наука за реконструкција на основни училишта во Република Македонија, имплементиран од фирмата Баџак Инжинеринг.

400 клупи, 800 столчиња за учениците, 100 катедри, 300 столчиња за наставниците и 60 табли, беа поделени во основните училишта: Крсте Мисирков, Наум Охридски, Његош, Кирил и Методи и Н. Н. Борче, заедно со подрачните училишта во општина Гази Баба.







# Учиме за општината



Во основните училишта во четврто одделение, по предметот запознавање на општеството се учи за локалната самоуправа.

За да можат учениците поблиску да се запознаат со службите во општината и нејзиното функционирање, во нејзина посета оваа и следните неколку недели ќе бидат ученици од основните училишта од општината.

Учениците од училиштата "Вера Јоциќ", "Дане Крапчев" и "Кирил и Методи" беа во посета на општината, каде видоа каде работи општинската администрација поделена по сектори и одделенија, разговараа со вработените кои ги запознаваа со работните обврски кои ги имаат, го посетија кабинетот на градоначалникот и сите беа примени во салата на советот, каде што градоначалникот и општинската администарација одговараа на многуте поставени прашања од учениците.




## Светски ден на водата

Со цел подигање на свеста на учениците за рационално користење на водата, стекнување навика за штедење на водата и информирање на локалното население за ефективно користење на питката вода, во ЕКО училиштето "Дане Крапчев" се одбележа Светскиот ден на водата - 22 Март со бројни активности:

- Ликовна изложба на творби и пораки за рационално користење на водата
- Презентација на плакатот со кој училиштето аплицираше на меѓународниот конкурс "Армалов фонд"



- Информирање на локалното население со интервјуа и флаери Водата се штеди, оти многу вреди
- Изработено пано со истакнување на пораки за штедење на водата на различни јазици и фотографии од ученици со реализирани активности од Проектот Еко стандард 2 - Заштеда на вода.








## Денови на екологијата во ОУ Дане Крапчев





По повод деновите на екологија во основното училиште "Дане Крапчев" се одржа еко квиз, во кој учествоземаа учениците од петто одделение.

Во натпреварот учествуваа четири екипи во три игри: прашања од областа на екологијата, дилема игри и асоцијација.

Најдобри беа учениците од V3 на кои училиштето им додели благодарница за активностите од областа на екологијата.

За деновите на екологија, исто така се одржа изложба под наслов "Од отпадоци до уметност" за која учениците изработуваа разни скулптури од пластика, хартија и друг материјал кој повеќе не се употребува.



## Проект „Превенција од насилно однесување во училиштата“

Во УО"Стив Наумов" беше реализирана една фаза од проектот "Превенција од насилно однесување во училиштата во РМ" организиран од УНИЦЕФ.

Реализацијата се состоеше од работилници со учениците од шесто одделение деветтолетка до осмо одделение преку проекција на филм и дискусии, со цел да се детектира насилството и како да се реши истото за да се спречи да не прерасне во поголемо насилство.

На работилниците беа поканети родители и преставници на СВР одделение за превенција од насилство, кои помогнаа во дискусијата.

Во самиот тек на работилниците беа откриени повеќе видови психичко и физичко насилство кое се среќава во одделенијата,беше разговарано како да се помогне на жртвите на насилство, но исто така и на сторителите на насилството. Учениците активно учевствуваа во дискусијата и дадоа многу корисни предлози за решавање на проблемите.








# Пуштена примарната фекална канализација Сингелиќ - Економија - Инџиково

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, министерот за животна средина и просторно планирање, Абдилаќим Адеми и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, свечено ја пуштија во употреба примарната фекална канализација Сингелиќ - Економија - Инџиково, со препумпна станица.

Примарниот вод од фекалната канализација Сингелиќ - Економија - Инџиково, е во должина од: цевки со Ø600 - 1622м, Ø500 - 721м, Ø800 - 250м, секундарниот вод со цевка Ø400 е во должина од 400м и е изградена препумпна станица со капацитет од 300 л/сек.

Средствата во висина од 35 милиони денари за изградба на фекалната канализација ги обезбедија: Град Скопје 15 мил. денари, Министерство за животна средина и просторно планирање 10 мил. денари и општина Гази Баба 10 мил. денари.

Изведувачи се фирмите Жикол, Техноградба и Адонис.

Со оваа фекална канализација се обезбедува одведување на отпадните води во н.м. Економија и делови од населените места Сингелиќ, Стајковци и Инџиково, односно оваа канализациона мрежа ќе опслужува околу 1000 домаќинства.

Со овој Проект изведена е и Ø800 во должина од 250м, од автопатот во Инџиково кон препумпната станица во Маџари, која во блиска иднина со доизградба на истата (Ø800), ќе се овозможи приклучување на фекалната канализација за населените места Кадриово маало и Тумба Маџари.

# *Отворен хипермаркетот "Mr. Bricolage"*

Градоначалникот Тони Трајковски присуствуваше на отварањето на хипермаркетот "Mr. Bricolage", кој се наоѓа на територијата на општина Гази Баба.

Во изградбата на овој хипермаркет со површина од 3000 м², инвестирани се 1,5 милиони евра и е 80-тиот по ред во ланецот на маркети.

Хипермаркетот нуди широк избор на артикли за домаќинство, градежништво, железарија, алатки и слично.

На отварањето присуствуваа и претседателот на Република Македонија, Ѓорѓи Иванов и градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски.






# Компанијата Арцелормиттал го прослави Денот на здравјето и безбедност

Компанијата Арцелормиттал на глобално ниво го одбележува 26 април како Ден на здравјето и безбедноста на вработените во оваа фирма. По тој повод градоначалникот Тони Трајковски ја посети компанијата, каде заедно со главниот извршен директор Јуан Педро Јименез Наварро, ги поздравија вработените и ја проследија кратката приредба, подготвена од учениците од ОУ Стив Наумов.










# Славење на пролетта

Месец март го симболизира доаѓањето на пролетта, надоаѓањето на пролетната енергија, повеќе љубов и светлина. За оваа пригода, се плетат мартинки исклучиво од црвен и бел конец, со кои се слави возобновената природа под дејство на светлината и сонцето. Мартинката се носи околу рака или закачена на облеката, се додека не се види првото расцветано дрво, а потоа се закачува на дрвото, со желба за здравје и среќа на семејството.

За да се зачува традицијата на нашите претци, општина Гази Баба заедно со основните училишта, на своите креативни работилници изработија мартинки, преку кои ги изразија своите креативни идеи и способности.

Во просториите на општината се организира изложба од најубавите мартинки, а учениците во своите населени места им подаруваа мартинки на своите сожители, со што им го најавуваа доаѓањето на пролетта. По истиот повод, децата од градинката "Детска радост" изработија мартинки кои ги поделија на своите најблиски, на вработените во општината, а воедно беа примени во кабинетот на градоначалникот Тони Трајковски кој исто така доби мартинка.












# *Активности за првиот ден на пролетта и Денот на екологијата*

Во основните училишта, градинките и низ населените места во општината на првиот ден на пролетта и Денот на екологијата се вршеа пролетни расчистувања на дворовите.

Екипи на ЈП Паркови и зеленило ги кастреа гранките по булеварите, а вработените во општината го уредуваа дворот.

Овој убав ден во градинката Детска Радост се презентираше ЕКО ПОСТЕРОТ на градинката.

Целта на овој постер е подигање и развивање на еколошката свест кај децата од предучилишната возраст.

ЕКО ПОСТЕРОТ содржи химна, еко лого и еко кодекс.

Децата од оваа градинка, во соработка со основното училиште Стив Наумов се претставија со свои цртежи, како дел од секојдневните активности, пренесувајќи ги пораките за почиста и поубава животна средина.

# ДЕНОВИ НА ПРОЛ





# Реализацијата на проектот "Садница плус"



Во основното училиште "Кирил и Методиј" во н.м. Стајковци, се реализираше проектот "Садница плус", каде секој ученик доби семе за садница за која треба да се грижи, да ја негува, а кога ќе пораснат садниците ќе се засадат во училишните дворови или на друга блиска локација, но грижата за нив од страна на учениците ќе продолжи и понатаму.

"Садница плус" се реализираше во сите основни училишта и градинки во општина Гази Баба, а за цел има едукативна и еколошка функција, развивање на еко свест и еко култура кај младата генерација.

## *Заедничка активност на Скопски легури и општина Гази Баба*






Градоначалникот Тони Трајковски заедно со генералниот директор на фабриката Скопски легури, Корнијенко Денис имаа работна средба, по која во кругот на фабриката заедно засадија дрвца.

Цел на ваквата активност е заедничката грижа на општината и фирмата Скопски легури, околу заштитата на животната средина, преку оплеменувањето на празните површини, чии благодети ќе ги почувствуваме и ние и нашите идни генерации.

# ЕТ И ЕКОЛОГИЈА

**Како дојде до тоа да започнете да се занимавате со политика?**

Во политиката се вклучив во 2005 год. кога се основаше НСДП. Идеологијата на оваа ново основана партија беше најблиска до моите размислувања. Сметав дека моето животно и работно искуство ми дава за право да сметам оти имам што да дадам во политиката во интерес на граѓаните на РМ.

**Во општина Гази Баба од неодамна имате канцеларија за комуникација со граѓаните. Каков е интересот на граѓаните за заеднички средби?**

Мојата канцаларија е отворена од неодамна. Досега имам остварено неколку средби со граѓани. Очекувам поголем интерес во иднина.

**На што најмногу се жалат граѓаните?**

Најчестите барања се вработување и решавање на нив-



ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Соња Мираковска

ните егзистенционални прашања.

**Дали покрај секојдневните обврски во Собранието, обврските како сопруга и мајка, имате време да одвоите само за себе?**

За жал Собранието остава малку време за приватен живот, но сепак во викендите наоѓам по малку време и за себе.

**Како пратеник во Собранието, како им помагате на граѓаните?**

Се трудам да одговорам на нивните барања и колку е во моите можности да ги преточам во законски решенија или амандмани. Токму во моментот една граѓанска иницијатива ја преточивме во Закон за полициски правобранител.

**Кои се Вашите приоритети за кои се залагате во Парламентот?**

Сметам дека како пратеници мораме да го дадеме својот максимум Парламентот да биде вистински независен демократски дом во кој ќе се работи Во интерес на граѓаните.



## ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Благородна Дулиќ



**Жител сте на општина Гази Баба веќе долги години. Токму вашите сограѓани по вторпат Ве избраа како нивен претставник во Собранието, што покажува дека тие имаат доверба во Вас.**

Јас сум жител на општина Гази Баба, поточно во н. Железара долги години и граѓаните добро ме познаваат. Довербата која ми ја укажаа по втор пат да добијам мандат на член во Собранието на Република Македонија, покажува и дека нивните барања, потреби и интереси, доследно ги претставувам во Парламентот.



**Во општина Гази Баба имате канцеларија за комуникација со граѓаните. Од кога е отворена и како таа функционира?**

Оваа канцеларија функционира од 2008 година и една од најдобрите во Македонија, поради што и делегацијата на конгресмени од САД, кои беа во посета на Република Македонија, одбраа да ги посетат токму канцелариите на пратениците во општина Гази Баба.

Во канцеларијата работи асистент преку кој граѓаните може да договорат средба, а јас секој петок имам средба со нив, или тука или во Собранието.

**На што најмногу се жалат граѓаните?**

Граѓаните најмногу се жалат на невработеност, на институциите каде што се водат постапки, бараат правнички совети и изнесуваат лични проблеми.

**Покрај ангажманите во Собранието, средбите со граѓани, дали ви останува време за семејството и пријателите?**

Моите деца се веќе возрасни, со свои семејства, така да не сум многу ангажирана околу нив и ми останува време за прошетки и дружење со пријателките.

**Како пратеник во Собранието, како и помагате на својата општина?**

Заедно со општината го решивме проблемот околу разграничување на границите со општините Бутел и Чаир, во парк шумата Гази Баба, континуирано контактираме со стопанските субјекти на нашата општина, се ангажирам за населеното место Виниче да влезе во описот на Градот Скопје, се ангажирам за изградба на ново училиште во Железара и за уште многу други потреби на општината за кои јас со моето залагање можам да помогнам.

**Кои се приоритетите за кои се залагате во Парламентот?**

Јас сум претседател на статутарно - првната Комисија и се ангажирам членовите да се анимираат, да се опфатат сите закони, добро да функционира комисијата, активна сум со дискусии и на пленарните седници.






# Манифестација "Здрава храна за здрави детски насмевки"













По повод Светскиот ден на здравјето 7-ми април, Општина Гази Баба и компанијата за здрава храна Виталиа, реализираа заеднички училишен едукативен проект за запознавање на децата од основните училишта за важноста од здравата исхрана.

На завршната манифестација во Спортската сала "Методија Андонов Ченто" во Маџари, околу 250 ученици од 11 основни училишта поделени во тимови ги претставија своите поетски творби, скулптури и рецепти за здрав оброк, изработени под мотото "Здрава храна за здрави детски насмевки".

Манифестацијата ја отворија градоначалникот Тони Трајковски и претставникот од Виталија, Д-р Нела Деспотовска, кои ја истакнаа важноста на здравата храна како една од најважните компоненти за правилен развој на децата од најраната возраст. Исто така, едукацијата на најмладите за важноста на здравата храна врз нивниот понатамошен развој претставува многу важен сегмент, како во работењето на Виталија, така и на општината Гази Баба.

Целта на реализирање на заедничкиот проект, е подигање на свесноста кај најмладата популација за создавање и практикување на здрави навики во исхраната, развивање и поттикнување на креативноста, а во исто време и да дадеме подршка на Денот на здравјето, како глобална иницијатива за градење на здрави поколенија.

Специјалната жири комисија составена од професионален нутриционист и преставници на Виталиа и Општината Гази Баба, за најдобри ги избраа: во категорија скулптури - ОУ Вера Јоциќ, ОУ Дане Крапчев и ОУ Крсте Мисирков, во категорија рецепти - ОУ Наум Охридски, ОУ Н.Н. Борче и ОУ Стив Наумов. За најдобри литературни творби , беа избрани: Исмет Сулејманов и Ванеса Абаз, од ОУ Н.Н. Борче, Тамара Јакимовска, од ОУ Његош и Сандра Цветаноска, од ОУ Стив Наумов.

Најдобрите беа наградени со пригодни подароци од општина Гази Баба и компанијата Виталиа, додека публиката имаше можност да ја проследи културно забавната програма подготвена од ученици.

Поради успешно реализираниот проект, Општина Гази Баба и компанијата Виталија, се сложија дека овој настан има тенденција да прерасне во традиционален.










# АПРИЛИЈАДА 2012
















По повод верскиот празник Водици, на плоштадот во Автокоманда, по четврти пат се одржа Манифестацијата "Пивтијада 2012" која имаше хуманитарен карактер.

Манифестацијата ја отвори градоначалникот Тони Трајковски, а учество со подготвување на пивтии земаа жителите од сите месни и урбани заедници од Општина Гази Баба, членките на Организација на жени од Општината, ресторани и здруженија на граѓани.

Во натпреварувачкиот дел, за најубаво декорирана пивтија награди освоија Елица Салтирова, Рената Чифутова и Ресторан Дојрана.

Средствата собрани од продажбата на пивтиите беа наменети за Детската клиника - оддел за неврологија.





# Пивтијада 2012






Центарот за едукација на македонски фолклор Митеви успешно го организира првиот меѓународен детски фолклорен фестивал, под покровителство на општина Гази Баба. На фестивалот учествуваа фолклорни групи од Нови Пазар, Р. Србија, Ново Село - Струмица, Неготино и домаќинот.



# Меѓународен детски фолклорен фестивал





*Центарот за едукација на македонски фолклор Митеви на Меѓународен детски фолклорен фестивал - Инстамбул 2012*






## Член на Советот на општина Гази Баба и заменик Градоначалник

# Ацо Петрушев



**Како ја оценувате работата на Советот изминативе три години?**

Советот на Општина Гази Баба уште од прва ден на верификување на мандатот најсовесно и одговорно се зафати со обврските во рамките на своите надлежности кои претставуваат исполнување на целите на она што во предизборната кампања им го вети на граѓаните на Општина Гази Баба, во смисла на донесување на Одлуки за создавање услови за подобрување на квалитетот на живеење во сите средини на општината.

Овој тренд на интензивно, перманентно и квалитетно работење трае и до денес, за што доказ се до сега одржаните и успешно завршени 44 седници на Советот, а убеден сум дека со тој квалитет и темпо ќе го завршиме овој мандат.

**Кои се најзначајните Одлуки кои ги има донесено Советот?**

Несомнено е дека сите донесени Одлуки се од голема важност за функционирање на општината, но сметам дека од круцијална важност се Одлуките за усвојувањето на Деталните урбанистички планови и Одлуките за нивна измена и дополнување, со што се отвора широк фронт на можности за развој и просперитет на општината, а за волја на вистината во овој мандат на Советот се донесоа многу такви планови и уште повеќе се во постапка на подготовка и пред донесување.

**Каква Ви е соработката со останатите советници?**

Со сите советници во Советот имам коректни односи и соработка, започнувајќи од Претседателот на Советот , која соработка се огледа во делот на работењето на Комисиите и не само како нивно одржување во смисла на непосредна подготовка на Седниците на советот, туку и заедничко и активно работење непосредно со граѓаните , органите, институциите и администрацијата на општината

**Колку често имате средби со граѓаните и на што најчесто се жалат?**

Како што и претходно напоменав, покрај средбите што ги имаме во рамките на активностите на комисиите, постојано сум присутен на редовните средби со граѓаните што ги организаираат Градоначалникот на општината, Претседателот на Советот и Градоначалникот на Град Скопје, но и секојдневните поединечни случајни средби. Во сите овие контакти најголем број од барањата се однесуваат на инфраструктурните проблеми, проблемите со квалитетот на водоснабдување, улици и патишта, одводни атмосферски и фекални канализации, условите во училиштата и детските градинки, загадувањето на околината и друго. Затоа и најголемиот дел од енергијата и средствата ја усмеривме токму во оваа насока.

**Како советник, кои се Вашите приоритети во општината за кои се залагате?**

Како советник од населба Железара покрај другите активности на целата територија на општината, во одлична соработка со Советот на Урбаната заедница Железара, непосредно работиме на претходно зацртаните про-

екти, а тоа се дооформување на паркот и мини пазарчето во населбата, изградба на новата училишна зграда на ОУ Григир Прличев, кој проект веќе е во тек, изградбата на тениското игралиште - проект на Агенцијата за млади и спорт и секако, започнување на изградба на црквата Св. Константин и Елена преку здружението Бадникова вечер.

**Бидејќи сте и заменик градоначалник, кои се обврските кои дополнително ги имате?**

Посебна чест ми претставува дадената доверба да бидам заменик на Градоначалникот во негово отсуство, но воедно обврска и голема одговорност за превземените лични дејствија во моменти кога тој бил отсутен, иако за целиот овој период од три години многу малку имав таква можност. Сепак фактот дека во целост го заменувам градоначалникот лично ме мобилизираше и во тие ретки моменти да бидам на висина на задачата и функцијата со целосна одговорност и професионализам.

**Следната година Ви истекува мандатот, какви активности Ве очекуваат следните месеци?**

Моите активности во наредниот период ќе бидат усмерени кон доисполнување на проектите кои ги ветивме на граѓаните, од кои повеќе од нив се веќе реализирани, но за оние кои преостанаа а сите се веќе започнати , ќе го дадам максимумот од себе да ги довршиме истите, за што понатаму ќе бидам горд дека бев член на Советот на Општина Гази Баба, кој во својот мандат досега исполнил најголем процент од предложените проекти од својата изборна програма.



## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА


Претседател на Совет
Милан АНДОНОВСКИ
ВМРО-ДПМНЕ


Ацо Петрушев
ВМРО-ДПМНЕ


Кираца Тутевска
ВМРО-ДПМНЕ


Бобан Стефковски
ВМРО-ДПМНЕ


Александар Каровски
ВМРО-ДПМНЕ


Аница Пупиноска
СПМ


Зоран Костовски
ВМРО-ДПМНЕ


Јорданчо Тодосиев
ДС


Суза Николовска
ВМРО-ДПМНЕ


Дејан Тимовски
ВМРО-ДПМНЕ


Марјан Крстевски
ВМРО-ДПМНЕ


Јадранка Антевска
ВМРО-ДПМНЕ


Кирил Псалтиров
ВМРО-ДПМНЕ


Николај Чифутов
ВМРО-ДПМНЕ


Ѓулсефа Куртеши
СРМ


Борис Георгиевски
СДСМ


Катерина Силјановска
СДСМ


Зоран Каранџуловски
СДСМ


Марјан Јаневски
СДСМ


Соња Глинчарска
СДСМ


Бобан Добревски
СДСМ


Зоран Јовевски
ВМРО-НП


Соња Каранџуловска
ВМРО-НП


Сашо Начовски
ВМРО-НП


Бурхан Садики
ДУИ


Мифтар Кадри
ДУИ


Горан Стојменовиќ
ВМРО-НП и ТМОРО-ВЕП



## Проект здравствена едукација во градинките

Општина Гази Баба и Општинската Организација на Црвениот Крст Гази Баба и оваа година продолжуваат со реализација на проектот за здрав-





ствена едукација на децата во предучилишните установи кои гравитираат на територија на Општината.

Целта за реализација на проектите е децата кои престојуваат во поголемите групи во објектите на детските градинки, да се стекнат со навики за правилно одржување на личната хигиена, надминување на стравот од лекар, редовни контроли и слично.



# Велосипедска трка по повод денот на планетата Земја








Во објектот "Калинка " во состав на детската градинка - "Детска радост" по повод 22 април - Денот на планетата Земја, по седумнаесетти пат традиционално се одржаа велосипедски трки.

Децата од сите групи со своите велосипеди, ролерки и тротинети се забавуваа, другаруваа и спортуваа.

Оваа активност има за цел подигање на свеста кај децата уште од најмала возраст за спортување, а вооедно и да се потсетат возрасните да го намалат користењето на моторните возила.



## *Психолошка работилница - социограмски приказ*

Во објектот Мимоза во состав на Детската градинка "Детска радост" се одржа презентација од психолошка работилница, на тема "Интеракциони односи во група - социограмски приказ".

Целта на работилницата беше низ социометриски приказ да се остварат што подобри интеракциони односи во групите каде што престојуваат децата во објектите на детските градинки.

На презентацијата присуствуваа вработени психолози и педагози од скопските градинки и вработените од предучилишната установа.

Работилниците од овој вид ќе се одржуваат и во иднина , бидејќи се од голема корист за децата и родителите.





# Одбележан денот на градинката "25 Мај"

Јавната Установа за деца - Детска градинка " 25 Мај " во објектот "Синоличка" го одбележа Денот на градинката.

Градоначалникот Тони Трајковски, присутните гости, родители и вработените во градинката ја проследија презентацијата на проектот "Музиката низ времето", каде што низ песна и игра децата претставија дел од активности кои ги подготвуваат во градинката.











## Проект за сообраќајна култура во детските градинки

Општина Гази Баба и СВР го реализираа проектот за сообраќајна култура во предучилишните установи на територија на општината.



Реализацијата на проектот имаше за цел децата кои престојуваат во објектите на градинките да се запознаат со сообраќајните знаци, безбедносно движење и преминување преку улица и почитување на сообраќајните правила.





# Карате турнир "Солидарност опен"

Во Спортската сала М. А. Ченто по дванаесети пат се одржа Меѓународниот карате турнир "Солидарност опен" во организација на КК Солидарност, а под покровителство на општина Гази Баба.

Присутните на турнирот ги поздрави градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, а за отворен го прогласи градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски.

Натпреварите се одвиваа екипно и поеднинечно во кати и борби.



Во вкупен пласман најдобри беа: 1 место Фунакоши Гичин од Скопје, 2 место Ронин од Прилеп и 3 место Улцињ од Улцињ.

Надобра во категорија - ката поединечно, беше Елена Димовска од клубот Ронин од Прилеп, а најдобар поединец во категорија - борби, беше Абдулрахим Идризи од клубот Форца од Скопје.

Членовите на екипата на КК Солидарност постигнаа одлични резултати, но како домаќин не учествуваа во распределбата на медаљите.

На овој турнир учествуваа 55 екипи од 5 држави, со околу 550 натпреварувачи.





# Спортски ученички стипендии

Со цел да се поттикнат учениците на спортски активности и здрав начин на растење и живеење, во Програмата за спорт за 2011 година предвидени се средства во висина од 200.000,00 денари за ученички спортски стипендии.

На објавениот конкурс за доделување на стипендии, согласно Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на стипендии, беа избрани 11 ученици:

- Марија Ивановска - атлетика
- Миодраг Тодоровиќ - кошарка
- Филип Петровски - таеквондо
- Антонио Божиновски - фудбал
- Катерина Селамовска - пливање
- Далибор Костовски - фудбал
- Едон Реџепи- карате
- Драган Лазаревски - атлетика
- Никола Карапандов - фудбал
- Стефани Кипревска - одбојка
- Бобана Недељковиќ - одбојка



Стипендиите се во износ од 1800,00 денари, за период од 9 месеци, почнувајќи од месец март 2012 година, а се даваат од страна на општината за усовршување и унапредување во спортот со кој се занимаваат. Од страна на градоначалникот Тони Трајковски и родителите, беа потпишани Договорите за доделување на стипендии на спортисти - ученици за 2012 година.

# Традиционално женско авто рели








И годинава во организација на НВО Здружение на граѓани за безбедност во сообраќајот и АКК Примо рејсинг, а под покровителство на општина Гази Баба на плоштадот Автокоманда традиционално по осми пат се одржа 8-мо мартовското женско авто рели. Како и секоја година релито се состоеше од два дела, возење по градската сообраќајна мрежа и спретно возење помеѓу чуневи.

Рутата на движење секоја година е различна. Стартот на трката започна во општина Гази Баба - Плоштадот во Автокоманда на кој присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски и министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска. Автомобилите се движеа во сообраќај до картинг центарот АРТ МОТО СПОРТ кој е во склоп на Спортската сала Борис Трајковски, каде учесничките имаа дружење и забава со картинг возилата.

Во рамките на настанот продолжува и понатаму да се имплементира кампања за поголема безбедност во сообраќајот под слоганот "Размисли! Дали си безбеден возач" каде жените учеснички како повнимателна категорија на возачи во сообраќајот упатуваат АПЕЛ до сите возачи да бидат повнимателни и поодговорни, се со цел да бидат спречени сообраќајните несреќи и катастрофалните последици од нив.



## *Каратистите на Металург на прием кај градоначалникот*

Градоначалникот Тони Трајковски ги прими и разговараше со каратистите на нашиот најтрофеен карате клуб Металург за нивните нови европски и светски спортски достигнувања и тоа со:

Мартин Несторовски, победник на карате 1 премиер лига во категорија борби + 84 кг.



Каратистите Крсто Мишев, вицешампион на Европа за јуниори во категорија борби +76 кг.

Филип Ѓурчиновски, бронзен медал на Европското првенство во категорија борби -61 кг и

Семир Ќосовоќ, петто пласиран во категорија кадети јуниори +70 кг, учесници на Европското првенство во Баку, Азербеџан одржано во месец февруари 2012 година.

На средбата беа присутни и Драган Грдановски, тренер и Мирче Janушевски, главен тренер на КК Металург и помошник селектор на сениорската карате репрезентација на Македонија.



# Пријателски фудбалски натпревар

Во насока на смирување на инцидентите кај младите и подршка на мултиетничноста и соживотот во општина Гази Баба, фудбалските екипи



на Страчинци и Смилковци одиграа пријателски натпревар. Во пријатна атмосвера и дружење, натпреварот се одигра на спортскиот терен во н.м. Страчинци, со што се покажа дека граѓаните од населените места во општина Гази Баба знаат да се дружат, без разлика на верските и етничките разлики, со што даваат пример и на младата генерација.



На натпреварот присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски и заменик министерот за образование, Сафет Незири, кои истакнаа дека спортувањето и дружењето преку спортски активности е најдобар начин младите луѓе правилно да ја насочат својата младешка енергијата.



**ТУРНИР ВО ФУТСАЛ – ДЕВОЈЧИЊА**
**(Спортска сала Методија Андонов Ченто при ОУ „ Наум Наумовски - Борче“ 18. 02. 2012 год.)**




| ОДИГРАНИ НАТПРЕВАРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I -натпревар | **ОУ 25 Мај** | - | ОУ Дане Крапчев | (0:0) пенали (4:1) |
| II-натпревар | **ОУ Н.Н. - Борче** | - | ОУ Његош | 5:0 (4:0) |
| III-натпревар | ОУ Кирил и методиј2 | - | **ОУ Кирили и Методиј1** | (0:3) службено |
| IV-натпревар | ОУ Стив Наумов | - | **ОУ Крсте Мисирков** | (0:3) службено |
| V-натпревар | **ОУ Крум Тошев** | - | ОУ Наум Охридски | (0:0) пенали (5:4) |
| VI-натпревар | **ОУ Вера Јоциќ** | - | ОУ Григор Прличев | 4:0 (1:0) |
| VII -натпревар | ОУ 25 Мај | - | **ОУ Н.Н. - Борче** | (0:2) (0:1) |
| VIII-натпревар | **ОУ Кирили и Методиј1** | | ОУ Крсте Мисирков | 5:0 (4:0) |
| IX-натпревар | ОУ Крум Тошев | | **ОУ Вера Јоциќ** | (1:1) пенали (4:5) |
| X-натпревар | **ОУ Н.Н. - Борче** | | ОУ Кирил и Методиј1 | 4:0 (3:0) |

| ФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за III и IV | **ОУ Кирил и Методиј1** | - | ОУ Крум Тошев | 3:0 (1:0) |
| за I и II | ОУ Н.Н. - Борче | - | **ОУ Вера Јоциќ** | 2:2 пенали (3:5) |

| ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ | |
|---|---|
| I - место | ОУ Вера Јоциќ |
| II - место | ОУ Наум Наумовски - Борче |
| III - место | ОУ Кирил и Методиј1 |
| IV - место | ОУ Крум Тошев |

# Турнир во футсал







ОУ Наум Охридски



ОУ Наум Наумовски - Борче



ОУ Вера Јоциќ



ОУ 25 Мај



ОУ Његош

**ТУРНИР ВО ОДБОЈКА – ДЕВОЈЧИЊА**
**(Спортска сала при ОУ „ Крум Тошев “ 25. 02. 2012 год.)**




| ОДИГРАНИ НАТПРЕВАРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I -натпревар | ОУ Кирил и методиј2 | - | **ОУ Дане Крапчев** | 0:2 |
| II-натпревар | **ОУ Кирил и Методиј1** | - | ОУ 25 Мај | 2:0 |
| III-натпревар | ОУ Крсте Мисирков | | **ОУ Стив Наумов** | 1:2 |
| IV-натпревар | ОУ Григор Прличев | - | **ОУ Вера Јоциќ** | 0:2 |
| V-натпревар | ОУ Његош | - | **ОУ Крум Тошев** | 0:2 |
| VI-натпревар | ОУ Наум Охридски | - | **ОУ Н.Н. - Борче** | 0:2 |
| VII -натпревар | **ОУ Дане Крапчев** | - | ОУ Кирил и Методиј1 | 2:0 |
| VIII-натпревар | ОУ Стив Наумов | - | **ОУ Вера Јоциќ** | 0:2 |
| IX-натпревар | ОУ Крум Тошев | - | **ОУ Н.Н. - Борче** | 0:2 |
| X-натпревар | **ОУ Дане Крапчев** | - | ОУ Вера Јоциќ | 2:1 |

| ФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за III и IV | **ОУ Вера Јоциќ** | - | ОУ Крум Тошев | 2:0 |
| за I и II | **ОУ Дане Крапчев** | - | ОУ Н.Н. - Борче | 2:1 |

| ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ | |
|---|---|
| I - место | ОУ Дане Крапчев |
| II - место | ОУ Наум Наумовски - Борче |
| III - место | ОУ Вера Јоциќ |
| IV - место | ОУ Крум Тошев |

# Турнир во одбојка




ОУ Дане Крапчев


ОУ Кирил и Методиј


ОУ Крсте Мисирков


ОУ Крум Тошев


ОУ Наум Наумовски - Борче


ОУ Наум Охридски


ОУ Његош


ОУ Стив Наумов


ОУ Вера Јоциќ



Од дворот на општина Гази Баба

## Телефони на Јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-42-222** |

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Ликовно-графички и технички уредник:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:** +389 (0)2/ 3 22 66 55;